# ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА ПРАВНО/ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ НА ВИЗУЕЛНИ МАТЕРИЈАЛИ (ВОДИЧ И АНАЛИЗА)

## I. Општи информации

Првата детска амбасада во светот Меѓаши објавува повик за ангажирање правно/физичко лице за изработка на графички дизајн на материјали, во рамки на проектот: „TOMAS - Кон усогласено законодавство против сексуална злоупотреба на деца преку интернет“

Меѓаши е граѓанска организација чија мисија е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Мандатот на Меѓаши е заштита и одбрана на детските права преку што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете“. Овој мандат е отелотворен во секоја активност, програма или проект што Меѓаши го спроведува, во секоја иницијатива за застапување на правата на децата и во секоја услуга што организацијата ја обезбедува.

## II. Опис и цел на проектот

Проектот „TOMAS” има за цел приклучување во борбата против онлајн сексуалната експлоатација на деца во регионот на Западен Балкан преку координирање на напорите меѓу регионалните организации на граѓанското општество и организации од ЕУ. Проектот се спроведува во периодот од 22 месеци, почнувајќи од 01 декември 2023 година. Партнерски организации во проектот се: Centar za nestalu i zlostavljanu decu - Srbija како носител на проектот, Child Rights Center Albania и Детската амбасада Меѓаши. Проектот е финансиски поддржан од Smart Balkans.

Заштитата и безбедноста на децата се императив на денешнината особено во време на брзорастечко социјално влијание и употребата на интернетот. Целите на проектот се фокусирани кон зголемена свест на јавноста за важноста од активно учество на граѓанското општество во развојните иницијативи во регионот на Западен Балкан, особено на иницијативата за унапредување на националното законодавство во однос на онлајн материјали за сексуална злоупотреба на деца (Child Sexual Abuse Material -

CSAM), влијанието на граѓан(к)ите врз промените како и развиени силни регионални партнерства.

**III. Цел на повикот**
Во рамки на проектот на ПДАС Меѓаши за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет, изработени се Водич за застапување и лобирање и Анализа на постојните политики и практики во Македонија. Материјалите се насочени кон подигање на свеста за CSAM и утврдување на методи и алатки за влијание врз целните групи.

Предвидена е изработка на графички дизајн за дигиталните публикации и нивна печатена верзија, со цел визуелно претставување на нивната содржина и значење, во согласност со визуелниот идентитет на проектот. Дизајнот треба да биде адаптиран за печатење во формат А4 и применлив за македонска, албанска и англиска верзија.

Ангажираното физичко/правно лице ќе работи во координација со проектниот тим, со можност за креативен израз при дефинирање на основниот изглед на публикациите.

**IV. Опис на работни задачи**
1. Ангажираното правно/физичко лице за графички дизајн по консултативен состанок со тимот на проектот ќе изработи по 3 предлог дизајни за Анализата и Водичот.
   - Изработка на 3 предлог варијанти, концепт дизајн за Водич и Анализа (предна и задна корица).
   - Координација со проектниот тим за утвдување на основниот концепт за дизајн на публикацијата.

2.Уредување и адаптација на внатрешниот писмен материјал од Водичот (25 стр. А4) и Анализата (50 стр. А4) во согласност со претходно утврдениот основен концепт на дизајнот.
   - Утврдување на начинот, пристапот и стилот на уредување и адаптација на внатрешниот писмен материјал.
   - Уредување на писмен материјал со предвидена димензија на хартија со големина А4.

3. Подготовка на материјалот за дигитална и печатена употреба.
4. Печатење на материјалите во 10/20/30 примероци (во зависност од договорот).
5. Изработка и достава на краток извештај за спроведената активност.

**V. Потребни квалификации за избор на графички дизајнер/ка**
1. Искуство во изработка на дизајни и печатење на материјали и публикации.
2. Соодветна акредитација за познавање на графички дизајн (одреден документ за потврда за познавање на графички дизајн).
3. Искуство во соработка со граѓански организации ќе се смета за предност.
4. Способност за тимска работа и соработка.

**VI. Временска рамка**

Предвидената временска рамка се однесува за ангажираното лице и неговата испорака на услугата

| Опис на активност | Временски рок за испорака |
|---|---|
| Изработка на основен концепт за дизајн на Анализа на постојните стратегии, политики и практики за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет во РС Македонија и Водич за застапување и масовно лобирање за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет | 12 септември 2025 година |
| Уредување и адаптација на писмениот материјал во согласност со основниот дизајн | 15 септември 2025 година |
| Достава на печатена верзија од материјалите | 17 септември 2025 година |
| Достава на извештај од изработеното | 18 Септември 2025 година |

**VII. Хонорари/ Услови за исплата**

Меѓаши ќе склучи договор со избраниот понудувач, во кој детално ќе ги регулира одредбите за исплата на хонорар. Ангажираното правно/физичко лице по успешно извршување на услугата и прифатен дизајн, ќе добие на својата сметка наведена во договорот бруто износ согласно доставената финансиска понуда.

**VIII. Процес на аплицирање**

Потребни документи при аплицирање:

1. Професионална биографија (за физичко лице) / Портфолио на компанијата (за правно лице).
2. Доказ за регистрација - Извод од Централен регистар или друг релевантен документ што потврдува дека правното лице/компанијата е регистрирана и активна (за правно лице).
3. Кратки биографии (CV) и копии од дипломи за завршено високо образование на клучниот тим - За лица кои ќе бидат директно ангажирани, со јасен приказ на нивното професионално искуство и квалификации (за правно лице).
4. Референци од претходни и тековни професионални искуства и соработка.
5. Најмалку 2 примерока од изработки за водичи/публикации и/или други претходни изработки на графички дизајни.

6. Финансиска понуда во денари за изработка на дизајн и печатење на 10, 20 и 30 примероци, во бруто износ, со вклучен данок на личен доход (доколку е физичко лице) или со вклучен данок на додадена вредност (доколку е правно лице).

**Заинтересираните кандидати/ки треба да ги испратат своите апликации во електронска верзија не подоцна од 10.09.2024 на следнава адреса iro@childrensembassy.org.mk со назнака: ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА ПРАВНО/ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ НА ВИЗУЕЛНИ МАТЕРИЈАЛИ (ВОДИЧ И АНАЛИЗА).**

За дополнителни информации поврзани со наведениот повик можете да ни се обратите преку телефонскиот број за контакт 075233279.